Јавно сообраќајно претпријатие
СТРУМИЦА-ТРАНСПОРТ
Бр. 04-129/12
17.06. 20 25 год.
Струмица

**ЈАВНО СООБРАЌАЈНО ПРЕТПРИЈАТИЕ**
**„СТРУМИЦА-ТРАНСПОРТ“ Струмица**

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници (“Службен весник на РМ” бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и “Службен весник на РСМ” бр.275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024), Директорот на Јавното сообраќајно претпријатие „СТРУМИЦА-ТРАНСПОРТ“ Струмица донесе:

# О Д Л У К А
## за избор на кандидат за вработување на административен службеник по јавен оглас

1. За извршител на работното место Советник за човечки ресурси, Одделение за управување со човечки ресурси, Сектор за административни работи и човечки ресурси со КДР 0102В01054 се избира кандидатот:
   **Даниела Величковска, идентификациски код B6EBBFD.**

2. Избраниот кандидат од точка 1 ќе биде вработен на работното место по конечноста на оваа одлука за што ќе биде донесено посебно решение.

О б р а з л о ж е н и е

На ден 08.05.2025 година во дневните весници Слободен печат, Нова Македонија и Коха и на интернет страната на Агенцијата за администрација објавен е јавен оглас бр.222/2025 за вработување на административен службеник во ЈСП СТРУМИЦА-ТРАНСПОРТ“ Струмица.

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас формирана со Решение од директорот на Агенцијата за администрација бр.10-923/3 од 19.05.2025 година и Решение за изменување и дополнување на решението за формирање на комисија за селекција за вработување по јавен оглас бр.10-923/5 од 11.06.2025 година, ја спроведе постапката за административна селекција за административен службеник. Изготви Записник од извршената административна селекција за административен службеник бр.10-923/4 од 23.05.2025 година. На ден 11.06.2025 година спроведен е испит за административен службеник со Записник од спроведениот испит за административен службеник бр.10-923/6 од 11.06.2025 година. На 12.06.2025 година спроведена е проверка за

веродостојност на докази и интервју со Записник од спроведена проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник бр.10-923/7 од 12.06.2025 година. По спроведената постапка за селекција за вработување од страна на Комисијата изготвена е конечна ранг листа и доставен е предлог за вработување кандидати по објавен јавен оглас, според кој за работното место Советник за човечки ресурси во Одделение за управување со човечки ресурси Сектор за административни работи со КДР 0102В01054 се предлага кандидатот Даниела Величковска.

Согласно доставениот предлог Директорот изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**Правна поука:** Против оваа Одлука може да се изјави жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на одлуката на веб страната и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

Доставено до
-кандидат
-Агенција за администрација
-архива

**Јавно сообраќајно претпријатие**
**„СТРУМИЦА-ТРАНСПОРТ“ Струмица**
**Драги Поп-Стојанов**
**Директор**